РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 32 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18,99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) на осмата седница одржана на ден 10.04.2019 година, во присуство на овластен претставник на подносителот на приговорот, полномошник адвокат Сања Трајановска од Скопје со уредно полномошно, на одговорното лице – градоначалник на Град Скопје, како и овластено лице на Град Скопје, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1) Сомневањата за прекршување на одредбата од членот членот од 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се неосновани - не се потврдени.

2) Приговорот поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, кај Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12 – 2310/1 од 05.04.2019 година, против Град Скопје, за прекршување на одредбата од членот 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со објава - од страна на Град Скопје на ден 11.03.2019 година на јавен повик за субвенционирање на граѓани на подрачјето на Град Скопје за купување на велосипеди во текот на 2019 година СЕ ОДБИВА.

3) Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

4) Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави и до подносителот на приговорот.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 05.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е доставен Приговор заведен со архивски број 12-2310/1 од 05.04.2019 година за прекршување на членот 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја

2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од овластен подносител Генерален секретар Игор Јанушев, ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство) со седиште на Плоштад ВМРО бр.1, општина Центар, Скопје.

Постапувајќи согласно со член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК отвора постапка за утврдување на фактичката состојба по овој поднесен приговор.

Во Приговорот се содржани наводите: - сомневања за прекршување на членот 8а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и на член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси според кој(и) од денот на донесување на одлуката за распишување на избори не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал.

Според подносителот на приговорот од страна на Град Скопје на ден 11.03.2019 година е објавен јавен повик за субвенционирање на граѓани на подрачјето на Град Скопје за купување на велосипеди во текот на 2019 година.

Средствата што градот Скопје ќе ги субвенционира се во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари по лице со вклучен персонален данок од доход, а распределбата на средствата ќе се врши сукцесивно според редот на пристигнатите барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена, според принципот “прв дојден - прв услужен“.

Кон приговорот е доставена копија од јавниот повик.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно став 3 од членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, приговорот со прилог документација го достави до институција против која е поднесен, значи до Градот Скопје - во рок од 24 часа од приемот на приговорот, со писмено известување број 12-2310/2 од 06.04.2019 година, со напомена дека по наводите од приговорот може да се изјасни во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето, односно најдоцна до 09.04.2019 година (вторник) до 14,00 часот со достава на писмено изјасување во Архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

По повод поднесениот приговор, согласно со став 5 од член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на закажаната јавна седница, со писмено број 12-2310/3 од 06.04.2019 година повикан е и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува и подносителот на приговорот.

На ден 09.04.2019 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено писмено изјаснување од страна на Градоначалникот на Град Скопје бр. 08-3573/2 од 09.04.2019 година и бр. 12-2310/4 од 09.04.2019 година.

Градот Скопје со изјаснувањето по приговорот наведува дека наводите во приговорот се целосно неосновани бидејќи:

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Јавниот повик е објавен врз основа на Програма на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје за 2019 година – донесена од Советот на Град Скопје, на седница одржана на ден 26.12.2018 година, а која е објавена во Сл. Гласник на Град Скопје бр. 18/18. Притоа, се наведува дека максималниот износ за доделување на поединечна субвенција е определена од страна на Советот на Град Скопје, со Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на велосипеди за 2019 година – на седницата на Советот одржана на ден 28.02.2019 година , а која еобјавена во Сл. Гласник на Град Скопје бр. 02/19.

Од Градот Скопје се потенцира дека станува збор за реализација и спроведување на постапка за субвенционирање која е започната пред денот на донесување на одлуката(ите) за распишување на изборите, дека пријавувањето е во тек се до 30.06.2019 година и дека исплатата на субвенциите ќе се врши после завршување на изборниот процес. Исто така се потенцира дека Град Скопје, до ден денес, нема извршено исплата на финансиски средства, односно субвенции за барателите кои ги исполнуваат условите.

Од приговорот и доставеното изјаснување со прилог документација од страна на Град Скопје и од страна на подносителот на приговорот, ДКСК нема можност за целосно утврдување на фактичката состојба, а сомневањата за прекршување на одредбата од членот од 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се неосновани од кои причини Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи да се донесе Одлука како во диспозитивот.

Правна поука:

Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk